...



# Статистичко истражување за цената на трудот

## ЦТ_АЦТ_А_МК_2021_1

## Референтни метаподатоци според ESMS 2.0 структура

| | |
|---|---|
| **1** | **Контакт** |
| | |
| **1.1** | **Организација/ институција за контакт** |
| Државен завод за статистика | |
| **1.2** | **Организациска единица за контакт** |
| Одделение за плати | |
| **1.3** | **Лице за контакт** |
| Даниела Аврамоска | |
| **1.4** | **Звање на лицето за контакт** |
| Советник | |
| **1.5** | **Поштенска адреса** |
| ул. „Даме Груев“ бр. 4, 1000 Скопје, Република Северна Македонија | |
| **1.6** | **Електронска адреса** |
| danielaa@stat.gov.mk | |
| **1.7** | **Телефонски број** |
| 0038923249427 | |
| **1.8** | **Факс** |
| 0038923111336 | |
| **2** | **Ажурирање метаподатоци** |
| | |
| **2.1** | **Последна потврда на метаподатоците** |
| 30/01/2021 | |
| **2.2** | **Последна објава на метаподатоците** |
| 30/01/2021 | |
| **2.3** | **Последно ажурирање на метаподатоците** |

30/01/2021

## 3 Статистичка презентација

### 3.1 Опис на податоците

Годишен просек на трошоците на работодавецот по вработен, трошок за бруто плата, трошоци за дополнителни социјални придонеси, трошоци за обука и стручно усовршување, податок за фактички одработени часови и податок за платени работни часови.

### 3.2 Систем на класификации

Национална класификација на дејностите - НКД Рев.2;

Номенклатура на територијалните единици за статистика - НТЕС, 2014.

### 3.3 Опфат на сектор/и

Сите сектори од Б до О според НКД Рев.2.

### 3.4 Статистички концепти и дефиниции

**Работодавци** се лица кои се сопственици или управуваат со деловните субјекти и единиците во состав.

**Вработени** – вкупен број на вработени кои засновале работен однос на неопределено или на определено време и кои добиле надомест независно од типот на работниот време (полно/скратено работно време).

**Трошоците на работодавецот** за трудот на вработените вклучуваат надоместоци за плата во готово или натура, придонеси за социјално, трошоци за стручна обука на кадрите, останати дополнителни трошоци, а се одземаат субвенциите добиени за работодавецот.

**Надоместоци на вработените** вклучуваат примања за работа во полно, покусо од полното и подолго од полното работно време (прекувремена работа); надоместоците на платата за годишен одмор, државни празници, платено отсуство до седум дена, платено отсуство за стручно образование, за боледување до 30 дена и сл.

**Бруто плата** вклучува исплатена нето плата, платен персонален данок и платени придонеси за пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување, за вработување, за професионално заболување за сите вработени вклучуваќи ги нововработените/приправниците. ги опфаќа сите исплати во готово кои им се исплатени на вработените пред исплатата на одбитоците за социјални придонеси и даноци од страна на работодавецот на сметка на работникот. Платите и надниците вклучуваат бонуси, плаќање на парче, работа во смени, надоместоци, хонорари, бакшиши и парични подароци, провизии и награди во натура.

**Директни исплати, бонуси и надоместоци** вклучуваат директни исплати, бонуси и

надоместоци како што се придонеси за социјално осигурување и даноци платени од страна на работодавачот за сметка на вработениот.

**Директни исплати, бонуси и надоместоци во секој исплатен период** вклучуваат директни исплати, бонуси и надоместоци  како што се придонеси за социјално осигурување и даноци платени од страна на работодавачот за сметка на вработениот во форма на редовни исплати во готово во еден ист период во текот на годината. За повеќето вработени , периодот на исплата е неделен, месечен, квартален или годишен.

**Директни исплати, бонуси и надоместоци кои не се платени во секој исплатен период** вклучуваат трошоци за дополнителна исплата врз основа на деловниот успех на вработениот, трошоци за дополнителна исплата врз основа на успешно работење на деловниот субјект, трошоци за јубилејни награди, други трошоци (13-та плата, бонуси за празници, отпремнини за технолошки вишок и награди за пензионирање), кои не се исплатени во секој исплатен период.

**Дополнителни социјални придонеси** вклучуваат бенифиции кои се платени директно од страна на работодавачот за вработените и обезбедуваат социјални бенифиции за вработените.

**Трошоци за обука и стручно усовршување** вклучуваат трошоци за стручно усовршување, квалификација и преквалификација, за поправка и амортизација на опремата која е наменета исклучиво за обука, трошоци за курсеви, семинари и стручни патувања на вработените.

**Други трошоци** вклучуваат тошоци за вработување (износи платени за агенции кои посредувале при вработување, трошоци за услуги поврзани со обезбедување на вработените, трошоци за здравствени и хигиенски услуги на вработените во рамките на претпријатието, трошоци за униформи и заштитна облека, трошоци за реклами во печатот, патни трошоци исплатени на кандидати кои биле повикани на интервјуа и др.

**Трошоци за даноци** вклучуваат казни платени од страна на работодавецот заради непочитување на законот за работни односи, и други дополнителни даноци платени за вработените.

**Фактички одработени работни часови**  вклучуваат: одработени часови во полното работно време, одработени часови во скратеното работно време, одработени часови во работно време подолго од полното работно време (прекувремена работа), часови поминати во подготовка на работното место, поправка, одржување, подготовка и чистење  на алатот, часови на одмор на работното место (вклучувајќи ги прекините за пиење кафе или чај), часови на чекање на работа, застој и прекини во работата кои не настанале по вина на работникот (поради слаба организација на работата, недостиг на суровини, енергија и слично), работни часови во зависност од фактичките работни часови со траење на нормално работно време независно од размерот на платените работни часови, т.е. 1 работен час во удвоено работно време, на пр., 2 часа, треба да се внесе како

1 час работа.

**Платени работни часови на вработените** ги вклучуваат фактичките работни часови во полното работно време, во скратеното работно време, часовите во работното време подолго од полното работно време (прекувремена работа), часовите поминати во подготовка на работното место, поправка, одржување, подготовка и чистење на алатот, часовите на одмор на работното место (вклучувајќи ги прекините за пиење кафе или чај), часовите на чекање на работа, застој и прекини во работата кои не настанале по вина на работникот (поради слаба организација на работата, недостиг на суровини, енергија и слично) и часовите кои се платени, а не се одработени, како што се часовите на годишен одмор, принуден одмор, празници, боледувања и други видови отсуства од работа за кои се прима надомест од средствата на деловниот субјект.

| 3.5 | **Статистичка единица** |
|---|---|

Извештајни единици се деловните субјекти кои припаѓаат на сите сектори од Б до О според НКД Рев.2.

Единици на набљудување се вработените во деловните субјекти претходно споменати.

| 3.6 | **Статистичка популација** |
|---|---|

Вработени во деловните субјекти кои припаѓаат на сите сектори од Б до О според НКД Рев.2.

| 3.7 | **Референтна област** |
|---|---|

Република Северна Македонија.

| 3.8 | **Временска покриеност** |
|---|---|

Од 2006 година.

| 3.9 | **Базен период** |
|---|---|

| 4 | **Единица на мерење** |
|---|---|

Денари, број.

| 5 | **Референтен период** |
|---|---|

Година, 2020.

## 6 Институционален мандат

### 6.1 Законски акти и други договори

**Национални:** Закон за државната статистика („Службен весник на Република Македонија" бр. 54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14, 192/15, 27/16, 83/18 и 220/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 31/20) и Програма за статистички истражувања 2018-2022 („Службен весник на Република Македонија" бр. 22/18, 224/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 18/20 и 300/20).

**Меѓународни:** Регулатива бр.530/1999 на Советот на Европа, Регулатива бр.1916/2000 на Европската комисија и Регулатива бр.1738/2005 на Европската комисија.

### 6.2 Споделување на податоци

Временска серија на податоци од 2006 година преку eDAMIS до Евростат.

## 7 Доверливост

### 7.1 Доверливост - политика

Податоците се индивидуални, заштитени со Законот за државната статистика. Податоците што се прибираат од извештајните единици преку статистичките истражувања или индиректно, од административни или од други извори, се доверливи податоци и се користат исклучиво за статистички цели. Резултатот на статистичката обработка може, исто така, да генерира информации кои се сметаат за доверливи, на пример: анонимизирани индивидуални податоци, табели со многу ниско ниво на агрегација, како и сè уште необјавени податоци. Политиката за статистичка доверливост ги содржи основните начела што се применуваат во ДЗС.

### 7.2 Доверливост - третирање на податоците

Секој индивидуален или личен податок, независно во која фаза на статистичка обработка се наоѓа, има третман на доверлив податок и може да се користи исклучиво за статистички цели. При објавувањето на податоците од ова истражување на агрегирано ниво, не се јавува потреба за дополнително третирање на податоците заради обезбедување статистичка доверливост.

## 8 Политика за објавување

### 8.1 Календар на објавување

Објавувањето на податоците е во согласност со Календарот на навременост кој се објавува на веб-страницата на Државниот завод за статистика. Календарот на

навременост се подготвува еднаш годишно, пред почетокот на календарската година, а се ажурира квартално.

## 8.2 Пристап до Календарот на објавување

https://www.stat.gov.mk/Kalendar.aspx

## 8.3 Кориснички пристап

Во согласност со Политиката за дисеминација, сите корисници имаат еднаков пристап до статистичките податоци во исто време. Податоците се објавуваат на веб-страницата истовремено за сите корисници кои се информираат од Календарот на навременост и ниеден корисник нема привилегиран третман.

# 9 Фреквенција на дисеминација

Четиригодишна.

# 10 Достапност и јасност

## 10.1 Соопштенија

Четиригодишно соопштение: „Анкета за цената на трудот, 2020".

Број на прегледи од веб страницата - .

https://www.stat.gov.mk/pdf/2022/4.1.22.50_mk.pdf

## 10.2 Публикации

Статистички преглед: „Анкета за цената на трудот, 2020".

Број на прегледи од веб страницата - .

http://www.stat.gov.mk/publikacii/2.4.18.09.pdf

## 10.3 Онлајн база на податоци

МАКСтат база на податоци достапна на веб-страницата на ДЗС.

Број на прегледи на табелите од МакСтат базата - .

http://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

## 10.4 Пристап до микроподатоци

Во согласност со Законот за државната статистика (член 41) и со Политиката за пристап до анонимизирани микроподатоци за научно-истражувачки цели, податоците што се прибрани за потребите на официјалната статистика може да се користат за научно-истражувачки цели ако не е загрозена нивната директна или индиректна идентификација, т.е. откривањето на индивидуалноста на податокот. Пристапот до микроподатоци е возможен само во просторија на ДЗС, а врз основа на претходно доставено и одобрено барање и потпишан договор.

http://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=22

## 10.5 Друго

Податоците од истражувањето се испраќаат во Евростат и тие се објавени на веб-страницата на оваа институција.

## 10.6 Документација за методологијата

Статистички преглед: „Анкета за цената на трудот, 2020".

Број на прегледи од веб страницата - .

http://www.stat.gov.mk/publikacii/2.4.18.09.pdf

## 10.7 Документација за квалитетот

Подготвен е извештај за квалитет во ESQRS формат којшто е испратен до Евростат преку ESS Metadata Handler.

# 11 Управување со квалитет

## 11.1 Обезбедување на квалитетот

Посветеноста на ДЗС за обезбедување на квалитет на производите и на услугите е содржана во Законот за државната статистика, Стратегијата на Државниот завод за статистика (http://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=6) и Политиката за квалитет на Државниот завод за статистика (http://www.stat.gov.mk/pdf/Politika_za_kvalitet_mk.pdf), како и во постојаните напори за усогласување со Кодексот на работа на европската статистика.

Главните аспекти и процедури за управување со квалитет во фазите и потпроцесите од Статистичкиот бизнис процес модел, како и добрите практики и насоките за

обезбедување на квалитет се документирани во интерен документ „Упатство за обезбедување на квалитет на статистичките процеси“.

Потребните влезни и излезни метаподатоци, како и релевантните индикатори за квалитет за одделни потпроцеси, се опишани во документот „Насоки за менаџерите на статистички истражувања“.

## 11.2 Оценка на квалитетот

# 12 Релевантност

## 12.1 Потреби на корисниците

Податоците за цената на трудот се основни статистички податоци неопходни за следење на промените на пазарот на трудот.

Национални корисници се Владата и другите државни органи, медиумите, истражувачите, студентите.

Најзначајни меѓународни корисници се Евростат, Светска банка, Меѓународниот монетарен фонд, Меѓународната организација на трудот итн.

Корисниците се заинтересирани за трошоците на работодавецот исплатени за вработените, трошоците за социјалните бенифиции како и за одработените фактички и платени часови.

## 12.2 Задоволство на корисниците

Државниот завод за статистика спроведува Анкета за задоволство на корисниците на ниво на статистичка област. Оваа Анкета се спроведува на секои три години, при што последната спроведена Анкета е во 2019 година. https://www.stat.gov.mk/pdf/Anketa2019.pdf

## 12.3 Комплетност

Во однос на индикаторите кои се предвидени според Регулативата на Европската комисија, ДЗС обезбедува 100% од нив.

# 13 Точност и веродостојност

## 13.1 Севкупна точност

Точноста на податоците се обезбедува преку преземање на мерки за намалување на примерочните и/или непримерочните грешки, како и дополнителна споредба и анализа на податоците пред тие да бидат објавени.

## 13.2 Примерочни грешки

Коефициентите на варијација на варијаблата вработени според големина на деловните субјекти се движат од - до -.

Коефициентите на варијација на варијаблата вкупен трошок според вработен - /.

Коефициентите на варијација на варијаблата вкупен трошок според вработен по час - /.

## 13.3 Непримерочни грешки

# 14 Навременост и точност

## 14.1 Навременост

T+270.

## 14.2 Точност

Податоците се објавени во утврдените рокови во согласност со Календарот на навременост.

# 15 Кохерентност и споредливост

## 15.1 Географска споредливост

Постои географска споредливост на дисеминираните податоци на национално ниво и на ниво на региони. Во однос на географската споредливост со останатите европски земји, исто така, е обезбедена споредливост бидејќи податоците се прибираат во согласност со европските регулативи.

## 15.2 Временска споредливост

Обезбедена е споредливост на податоците од 2006 година, без прекин во временската серија.

Број на референтни периоди во временската серија - 5.

## 15.3 Меѓудоменска кохерентност

Податоците се кохерентни

Имајќи предвид дека истражувањето е спроведено со користење на комбиниран метод за прибирање на податоците, односно со помош на податоци од административни извори, и за одредени прашања со прашалници, направена е споредба на годишните и месечните податоци со останатите истражувања за заработувачка и плати.

| 15.4 | Внатрешна кохерентност |
|---|---|

Внатрешната кохерентност на податоците е обезбедена.

| 16 | Трошок и оптовареност |
|---|---|

Имајќи предвид дека одредени варијабли потребни за истражувањето беа добиени од административни извори и прашалникот беше скратен, оптоварувањето на испитаниците беше намалено во споредба со минатите истражувања.

| 17 | Ревизија на податоците |
|---|---|

| 17.1 | Политика за ревизија на податоците |
|---|---|

Во согласност со Политиката за ревизија на податоци во ДЗС.

http://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=25

| 17.2 | Практика за ревизија на податоците |
|---|---|

Нема ревизии во АЦТ 2020 година.

| 18 | Статистичка обработка |
|---|---|

| 18.1 | Извори на податоци |
|---|---|

1) Анкетата за цената на трудот, 2020 е спроведена со комбиниран метод, преку прашалници кои се доставени до извештајните единици вклучени во примерокот и административни извори (Управа за јавни приходи).

2) За рамка за избор на примерокот во Анкетата за цената на трудот се користи Статистичкиот деловен регистар со ажурирана состојба од декември 2020 година, односно податоците за деловните субјекти: матичен број, дејност, големина, статус на активност, податок за број на вработени, итн. Сите претпријатија од величинските стратуми со 250+ вработени се вклучени во примерокот. Во стратумите со 10-49 и 50-249 вработени, претпријатијата се бираат случајно при што е запазена процентуалната застапеност по стратуми. Големината на примерокот е 6959 деловни субјекти со 10 и повеќе вработени. Според регулативата, примерокот е стратифициран случаен, стратификацијата е направена според дејности и според големината на деловните субјекти.

| 18.2 | Фреквенција на прибирање податоци |
|---|---|

Четиригодишна.

| 18.3 | Прибирање на податоците |
|---|---|

1) Податоците од Управата за јавни приходи и од Агенцијата за вработување се преземаат електронски.

2) Статистичкиот прашалник „Анкета за цената на трудот, 2020" (АЦТ), го пополнуваат деловните субјекти со методот на самопополнување и го доставуваат во електронска форма во Е-Стат системот за електронско прибирање на податоците.

| 18.4 | Проверка на податоците |
|---|---|

Проверка на податоците се врши во согласност со дефинираните критериуми за контрола. Проверка на податоците се врши од страна на супервизорите во стручното одделение при добивање на пополнетите прашалници. Во електронскиот прашалник постои логичка контрола. Потоа се проверува опфатот и стапката на одговор, се проверуваат и анализираат податоците преземени од административните извори, и на крај се применуваат и одредени валидациски правила препорачани во регулативите на ЕУ.

| 18.5 | Компилирање податоци |
|---|---|

| 18.6 | Прилагодување |
|---|---|

Не се прави израмнување на податоците.

| 19 | Коментар |
|---|---|

| А.1 | Анекси |
|---|---|